**Менување на Законот за шумите и Законот за минерални суровини во скратена постапка е штетно за заштитата на животната средина**

Уставот на државата ги поставува основите за уредувањето на општествените односи и вредносните принципи според кои истите треба да се уредуваат. Законите се општи акти кои во рамки на уставните граници подетално ги уредуваат општествените односи.

Предложените изменувања на Законот за шумите и Законот за минерални суровини во скратена постапка без одржување на јавна расправа и стручна расправа, може да има негативно и непоправливо штетно дејство по заштитата на животната средина и уставните принципи.

Во таа насока, Коалицијата за клима, надоврзувајќи се на реакцијата на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата,[1] бара изменувањето на законите кои ги засегаат прашањата од областа на животната средина и климатските промени да се носат во редовна постапка преку овозможување јавни и стручни расправи на кои ќе се анализираат сите влијанија од предложените законски изменувања поради следните причини:

1. **Законите се предложени да се донесат во несоодветна постапка**

Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија во членот 170 ги регулира причините поради кои определен закон може да се предложи да се донесе во скратена постапка. Според овој член, предлог на закон може да се предложи да се донесе во скратена постапка само кога: 1) не е во прашање сложен и обемен закон; 2) [се работи за] престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон или 3) не се во прашање сложени и обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Толкувањето дали одреден закон е сложен и обемен во никој случај не би требало да се толкува формалистички единствено преку критериумот колку членови се изменуваат и/или се додаваат или бришат.

Уставот на РСМ како темелни вредности на македонскиот уставен поредок ги утврдил: 1) владеењето на правото; 2) уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и 3) почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Уставот обезбедува заштита и на другите права и односи во општеството, па така:

- Членот 43 од Уставот предвидува дека секој човек има право на здрава животна средина, секој е должен да ја унапредува и штити животната

[1] Барање за повлекување на дневниот ред на Седница 112 на Собранието на Република Северна Македонија, Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, https://www.antikorupcija.mk/wp-content/uploads/2023/04/PlatformaBPK-reakcija.9.april_.2023.pdf

средина и природата, а Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина
- Членот 56 од Уставот утврдува дека сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита, а со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење

Изменувањето на Законот за шумите предвидува дека на „стратешките инвеститори“ не се применуваат одредбите за согласност за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште, па се заклучува дека тие немаат немаат обврска да бараат согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Одредбите од предложените измени според кои трајната пренамена завршува според новиот член кој се предлага да се додаде во Законот за шумите, без притоа тој да регулира било каква постапка, остава отворено прашање како се врши трајната пренамена на земјиштето и врз основа на што понатаму Агенцијата за катастар на недвижности ќе ја запише промената кога нема да има никаков акт на државен орган.

Предложените измени на Законот за минерални суровини предвидуваат изменување на постапката за доделување концесија за детални геолошки истражувања и времетраењето на концесијата за експлоатација на минералните суровини при изградба на „стратешките инвестиции“.

Предложените измени на законите зафаќаат аспекти од претходно споменатите права заштитени со Уставот и предвидуваат исклучоци од веќе воспоставените правила. Законите не би требало да се изменуваат заради конкретен проект, туку треба да воспостават систем во кој заштитата на животната средина и природата би биле приоритет. Изменувањата на законите кои допираат определени прашања од областа на животната средина и природата би требало целосно, професионално и стручно да се анализираат од аспект на сите влијанија кои може да ги предизвикаат.

Толкувањето на одредбата дали еден закон е сложен и обемен не би требало да се толкува формалистички единствено од аспект на должината на измените и бројот на členовите кои се додаваат, изменуваат или бришат. Ситуациите кои секој од предложените закони ги регулираат би требало да се сметаат како сложени прашања чие влијание не би смеело да се занемари, па поради тоа посоодветно е истите да се предложат и донесат во редовна постапка.

2. **Изменувањето на законите не соодветствува на целта на процесот за Процена на влијанието врз регулативата**

Владата донела Методологија за проценка на влијанието на регулативата и Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата.

Овие два подзаконски акти, иако се однесуваат единствено за постапувањето на министерствата при изготвувањето на законите и нивните измени и дополнувања, а не и на пратениците, сепак се важни затоа што ги поставуваат основите за учество на јавноста во законските измени.

Според подзаконските акти, учеството на јавноста во изготвувањето на законите и нивните измени и дополнувања е предвидено во скоро сите фази и предвидуваат различни начини на вклучување на јавноста и нивните мислења, ставови и забелешки по предложените одредби.

Впрочем и самата Методологија упатува дека „процесот на Проценка на влијание на регулативата обезбедува вклучување на засегнатите страни кои со релевантни информации можат значително да придонесат кон унапредување на квалитетот на регулативата. Со учеството на засегнатите страни се обезбедуваат можности за подобро спроведување и почитување на регулативата, додека пак објавувањето на резултатите од ПВР придонесува кон транснарентност на регулаторниот процес и работата на Владата на Република Македонија.“

Во случаите кога законите и нивните измени се изработуваат од министерствата, како задолжителен аспект на консултациите со јавноста е предвидена можноста за коментирање на предложените законски текстови преку веб страната на Единствениот национален регистар на прописи – ЕНЕР.

Иако Проценката на влијанието на регулативата и овие подзаконски акти не се применуваат врз пратениците, во духот на инклузивноста, транспарентноста и принципот на добро владеење, пратениците не би требало да го занемарат учеството на јавноста и мислењата, ставовите и забелешките на граѓаните.

……

Поради сите горенаведени причини, Коалицијата за клима бара од пратениците да ги повлечат предложените измени на законите во скратена постапка и да спроведат процес на консултација со граѓаните и граѓанските организации во формулирање на било какви законски текстови и истите да ги предложат да бидат усвоени во редовна постапка.